18.11.2025

Врз основа на член 18, 19, 20 и 21 од Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта бр. 13-10833/3 од. 4.8.2025 година СОЕУ „Јане Сандански" од Битола објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС

За прибирање на понуди за изведување на училишни екскурзии во учебната 2025/2026 година

СОЕУ „Јане Сандански" Битола - согласно со Програмата и Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од средните училишта, а по добиеното мислење од Советот на родители, организира:

1. Завршна екскурзија за учениците од трета година надвор од Република Северна Македонија на релација: Битола – Бари - Рим – Кан – Ница – Монако - Монте Карло - Сан Ремо - Лидо ди Јесоло - Венеција- Битола
2. Стручно истражувачка екскурзија за учениците од четврта година надвор од Република Северна Македонија на релација: Битола – Атина - Пелопонез – Атина – Халкида - Битола
3. Еднодневни екскурзии во текот на 2026 година, поврзани со наставните планови и програми за учениците од сите години на образование од СОЕУ „Јане Сандански", Битола на повеќе релации низ територијата на Република Северна Македонија.

Предметот на набавката е делинв!

1. Завршна екскурзија за учениците од трета година надвор од Република Северна Македонија на релација: Битола – Бари - Рим – Кан – Ница – Монако - Монте Карло - Сан Ремо - Лидо ди Јесоло - Венеција- Битола

Во понудата да се наведе:

- Назив на правното лице, потпис на одговорно лице и печат;
- Начин на плаќање: плаќањето да биде на 5 (пет) еднакви месечни рати
- Во цената да бидат вклучени трошоци за пат, храна и сместување, трошоци за посета на други знаменитости, разгледи и тоа:
- Прв ден: Поаѓање во пладневните часови. Воозење во автобус со попатни паузи низ Грција до Игуменица и ноќно патување со траект до Бари, Италија.
- Втор ден: Пристигнување во Бари во утринските часови, кратка пауза, разгледа на Бари, а потоа во попладневните часови тргување за Рим, сместување во хотел, вечера и ноќевање.
- Трет ден: По појадокот разгледа на градот Рим. Во попладневните часови упатување кон Азурен брег.
- Четврт ден: Пристигнување во Кан, посета и разгледа на Кан, Ница, Монако, Монте Карло и Сан Ремо, сместување во хотел во Сан Ремо, вечера и ноќевање.
- Петти ден: По појадокот упатување за Лидо ди Јесоло со попатни разгледи и паузи, попладне пристигнување во Лидо ди Јесоло сместување во хотел. Слободно време за разгледа на градчето, вечера и ноќевање .
- Шести ден: По појадокот упатување со бродче кон Венеција разгледа на Венеција . По разгледот упатување кон Македонија. . Заминување кон Битола, преку Словенија, Хрватска и Србија со попатни паузи

• Цената да биде фиксна, без наведување на дополнителни трошоци. Во цената да биде вклучено: автобуски лиценциран превоз, траект на горенаведената релација,бродче кон Венеција, разгледа на знаменитости со стручен водич, три ноќевања со појадок и вечера во хотел со најмалку три ѕвезди во градовите Рим, Сан Ремо, и Лидо Ди Јесоло, патничко осигурување без франшиза и лекар за целото патување.

- Во цената со вклучен ДДВ да бидат вклучени 3 ноќевања со појадок и вечера.
- Сместувањето да биде во двокреветни и/или трокреветни соби во хотели со минимум три ѕвезди во градовите Рим, Сан Ремо, и Лидо Ди Јесоло.;
- Повеќедневната екскурзија ќе се реализира во месец Мај 2026 год.

2. Стручно истражувачка екскурзија за учениците од четврта година надвор од Република Северна Македонија на релација: Битола – Атина - Пелопонез – Атина – Халкида - Битола

Во понудата да се наведе:

- Назив на правното лице, потпис на одговорно лице и печат;
- Начин на плаќање: плаќањето да биде на 3 (три) еднакви месечни рати
- Во цената да бидат вклучени трошоци за пат, храна и сместување, трошоци за посета на други знаменитости, разгледи и тоа:

Прв ден: Битола – Атина :Состанок на групата пред спортската сала „Боро Чурлевски" во вечерните часови.. Поаѓање за Грција. После преминувањето на границата и царински формалности патувањето продолжува со попатни одмори кон Атина. Ноќно патување.

Втор ден: Атина: Во претпладневните часови пристигнување во Атина. Разгледување на градот: плоштадот Омонија, плоштадот Синтагма каде се наоѓа Парламентот и стражата на Евзони, Плака, Олимписки от стадион каде се одржале првите вообновени олимписки игри, Адријановата порта, Храмот на Зевс, Националната библиотека. Слободно време низ центарот на прекрасната Атина. По завршување на разгледот сместување во хотел. Ноќевање.

Трет ден АТИНА - ПЕЛОПОНЕЗ Појадок. По појадокот упатување кон Пелопонез и областа Арголида, со посета на: Коринтскиот канал (кој ги поврзува Егејското и Јонското море), и градот Нафплион (некогашната престолнина на Грција) разгледа на градот и слободно време. Можност за посета на фабрика за рачна изработка на керамика и сувенири, каде ке имате можност да видите како се создаваат уникати прозводи.. Враќање во Атина во хотелот.Ноќевање.

Четврт ден: Атина – Халкида - Битола. Појадок. По појадокот попатно заминување од Атина кон Халкида (Евија). Градот Халкида се споменува како Халкис уште во Илијада. Разгледа на градот. Слободно време. По завршувањето на програмата – попладневно заминување за Македонија. Кратки одмори по пат. Пристигнување во Битола во вечерните часови.

• Цената да биде фиксна, без наведување на дополнителни трошоци. Во цената да биде вклучено: автобуски лиценциран превоз на горенаведената релација, разгледа на знаменитости со стручен водич, две ноќевање со појадок во хотел со најмалку три ѕвезди во Атина, , патничко осигурување без франшиза и лекар за целото патување.

- Во цената со вклучен ДДВ да бидат вклучени 2 ноќевања со појадок
- Сместувањето да биде во двокреветни и/или трокреветни соби во хотели со минимум три ѕвезди во Атина.;
- Повеќедневната екскурзија ќе се реализира во месец Февруари/Март 2026 година.

За првиот и вториот дел: Дел:1 и Дел2 :

- Агенцијата да има сопствена А-лиценца;
- Автобускиот превоз да се врши со високо стандардизитани автобуси со минимум ЕУРО 4 стандард и минибуси со ЕУРО 6 стандард од висока класа – со клима уред, климатизација, вентилација, парно греење, ДВД плеер, LЦД плеер класа, телевизор и истите да бидат на располагање на групата за цело време.

Покрај наведеното, понудувачот треба да ги исполнува и следниве критериуми:

- Да е регистриран за вршење на соодветна туристичја дејност согласно позитивните прописиво Република северна Македонија, најмалку 3 години ;
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.
- Туристичката агенција да обезбеди лекар за цело времетраење на екскурзијата, како и обезбедено патничко и здравствено осигурување без франшиза за сите ученици и наставници.
- Критериум за гратис учество е во согласност со бројот на пријавените ученици, односно на 20 пријавени ученици да следува еден гратис за ученик и еден гратис за наставник.

Критериум за избор е најниската цена.

На денот на потпишувањето на договорот избраниот понудувач треба да достави банкарска гаранција за квалитетно изведување на екскурзијата во висина од 5% од вкупната вредност на договорот.

3. Еднодневни екскурзии во текот на 2026 година, поврзани со наставните планови и програми за учениците од сите години на образование од СОЕУ „Јане Сандански", Битола на повеќе релации низ територијата на Република Северна Македонија.

Во понудата да се наведе:

- Цената за превоз по километар со вклучен ДДВ , при што за одредување одалеченоста ќе се користи апликацијата Google maps (во два правци на наведената релација), за минимум 45 ученици.
- Назив на правното лице, потпис на одговорно лице и печат.
- На секои 7 автобуси изнајмени за вршење на превоз во текот на годината, да се додели еден автобуски (еден автобус) превоз гратис за потребите на училиштето.

Покрај наведеното, понудувачот, треба да ги исполнува и следните критериуми:

- Да е регистриран за вршење на соодветна туристичка дејност согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија најмалку три години.
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.
- Автобускиот превоз да се врши со високо стандардизитани автобуси со минимум ЕУРО 4 стандард и минибуси со ЕУРО 6 стандард од висока класа – со, климатизација, вентилација, парно греење.

Критериумот за избор на најдобра понуда е понудената најниска цена.

Овој јавен повик е составен од три (3) одделни делови – Дел 1, Дел 2 и Дел 3. Секоја екскурзија е посебен дел. Понудувачите можат да достават понуда и за една од деловите на огласот, по сопствен избор. Не е задолжително доставување понуда за сите делови.

Понудите за горенаведените екскурзии да се достават лично или по пошта на адреса: СОЕУ „Јане Сандански" „Булевар 1-ви Мај" број 59 во затворен плик со назнака „Комисија за прибирање на понуди за училишни еккурзии" во рок од 5 работни дена сметано од денот на објавување во дневниот печат.

Некомплетирани и ненавремени понуди нема да се разгледуваат.

СОЕУ „Јане Сандански"- Битола
Претседател на Комисијата
Невенка Иванова Талевска